МИНИСТЕРСТВО  ЗА  ЕКОНОМИЈА

# ПРЕДЛОГ
# на  Закон за јавно приватно партнерство

Скопје, октомври 2009 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија поимот на концесија и други видови на јавно партнерство видовите, начинот, условите и постапката за доделување на концесии и други видови на јавно приватно партнерство е уредена со Законот за концесии и други видови на јавно партнерство ("Службен весник на РМ бр.7/08,139/08 и 64/2009).
Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство од 2008 беше дизајниран пред се да одговори на евроинтеграционите процеси и потребата да се создаде правна рамка, односно соодветна законска легислатива која ќе овозможи влез на приватниот капитал во изградба на инфраструктурни објекти, како и влез на приватниот капитал во јавниот сектор заради обезбедување на квалитетни јавни услуги.

Законот беше изменет два пати и тоа еднаш во 2008 година и во 2009 година. Измените од 2008 година воведоа преодна одредба за примена на законите кои ја регулираа оваа област пред донесување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, а во 2009 година законот се измени во насока на доуредување и прецизирање на одредени одредби од истиот кај кои се појави дилема во текот на нивното спроведување.

Конкретно со овие измени се воведоа одредби со кои се изврши разграничување на случаевите на примена на одредбите на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство и случаевите на примена на одредбите на посебните закони кои ја регулираат соодветната материја, се изврши прецизирање на одредбите за начинот и случаевите кога може да се предвиди плаќање од страна на концедентот, а исто така се изврши и терминолошко усогласување на одредени одредби во истиот.

Причините за донесување на нов закон кој ќе ја регулира предметната област се во насока на доусогласување на постоечкиот закон со европското законодавство, односно изготвување на закон кој целосно ќе биде усогласен со барањата на Европската комисија. Законот е изготвен согласно укажувањата и забелешките на консултантите на СИГМА, кои направија детална анализа на постоечкиот закон и дадоа конкретни насоки и сугести за подготовка на нов конзистентен текст целосно усогласен со европското законодавство од оваа област. Во подготовката на законот учествуваа и претставници од Министерството за транспорт и врски, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на РМ за економски прашања Зоран Ставревски, Министерство за финансии, Биро за јавни набавки, Министерство за здравство, Секретаријат за европски прашања, Министерство за образование и наука и Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство.

Предвидените решенија од Законот чие што донесување се предлага претставуваат продолжување во исполнувањето односно зајакнувањето на горенаведените цели. Во таа смисла за да се постигне задоволителното ниво на усогласеност со европското законодавство во областа на концесиите и јавно приватно партнерство, се подготви текстот на овој Предлог закон, во кој соодветно е имплементирана директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е со истиот да се обезбеди целосно усогласување со законодавството на Европската Унија во областа на јавното приватно партнерство и концесии, односно донесуваање на соодветна законска легислатива како неопходна претпоставка за зголемување на инвестициите и обезбедување на подинамичен економски развој.

Јавното приватно партнерство претставува еден од најсовремените модели за развивање на бизнис структурата и секако нов облик на обезбедување на јавни добра и услуги во една земја, која претставува и основ за привлекување на странски инвестиции. Начинот на кој се предлага регулирање на јавното приватно партнерство со овој закон, овозможува да се зголеми приватната иницијатива во финансирањето на дејностите од јавен интерес.

Законот чие донесување се предлага се засновува врз следните начела:

- транспарентност;
- недискриминација;
- пропорционалност;
- ефикасност;
- еднаквост; и
- меѓусебно признавање.

Предвидените решенија од Законот чие што донесување се предлага се во насока на:

1. Целосно хармонизирање на законодавството од областа на јавно приватно партнерство и концесии со соодветните директиви на Европската унија.

2.Соодветна примена на Законот за јавни набавки во однос на огласувањето, роковите и начинот на спроведување на постапката за јавно приватно партнерство и концесија, критериумите за евалуација на понудите и кандидатите и на постапката по жалба.

3.Воведување на жалбата како правно средство против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземените дејствија од страна на јавниот партнер и концедентот, во постапката за јавно приватно партнерство односно концесија, по која одлучува Државната комисија за жалби по јавни набавки, на начин и во постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

4.Постапката за јавно приватно партнерство и концесија може да се организира и спроведе со отворена постапка,ограничена постапка, конкурентен дијалог, постапка со преговарање со претходно објавување на огалас и постапка со преговарање без претходно објавување на огалас;

5. Поедноставување на постапките за јавно приватно партнерство и нивно спроведување на крајно транспарентен начин, согласно Законот за јавните набавки;

7.Содржината и елементите на студијата, содржината на тендерската документација, елементите и содржината на договорите ќе ги пропише министерот за економија со Правилник.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV.ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Предлог Законот за јавно приватно партнерство не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

## I.ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВИ ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕУ

Директивата 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и советот, од 31 март 2004 година за усогласување на постапките за доделување на договорите за јавни работи, договорите за јавни добра и договорите за јавни услуги.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

## ГЛАВА I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство, договорот за јавно приватно партнерство, правата и обврските на јавниот и приватниот партнер и правната заштита во постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство, вклучувајќи ја и концесијата.

### Член 2
### Цел

Целта на овој закон е да овозможи приватна иницијатива за финансирање на јавно приватно партнерство и концесија врз основа на еднаквост, транспарентност, недискриминација, пропорционалност, меѓусебно признавање, заштита на животната средина и ефикасност во постапката за склучување на договори на јавно приватно партнерство и концесија, како и квалитетно и ефикасно вршење на работите и услугите од склучените договори за јавно приватно партнерство и концесија

### Член 3
### Примена на Законот за јавните набавки и други посебни закони

Постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство и концесија на јавна работа и јавна услуга, како и правната заштита, се спроведуваат согласно со одредбите на овој закон и Законот за јавните набавки.

Постапката за склучување на договор за концесија која за предмет има добра од општ интерес и/или добрата од јавен интерес се врши согласно одредбите на овој закон и одредбите на посебните закони.

Член 4

Пренос

Јавно приватното партнерство и концесијата може да се пренесе со писмена согласност на јавниот партнер, односно концедентот.

Во договорот за јавно приватно партнерство и концесија кон приватниот партнер, односно концесионерот може да се предвиди пренос на правата и/или обврските од договорот во корист на заемодавачите, како средство за обезбедување на нивното побарување кон приватниот партнер односно концесионерот, под услов со тоа да не се загрозува континуираното работење и квалитетното вршење на дејноста.

Преносот на акции или удели кај приватниот партнер, односно концесионерот, односно трговското друштво формирано од странско лице или конзорциум заради склучување на договор за јавно приватно партнерство, односно концесија, кои поединечно или во збир би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото, не може да се изврши без претходна писмена согласност од јавниот партнер, односно концедентот.

Член 5

Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. “Договор за јавно приватно партнерство” е договор за јавни работи/услуги склучен во писмена форма помеѓу јавен партнер и приватен партнер за вршење на надлежностите на јавниот партнер во врска со:

а) проектирање, изградба и работа на објект, вклучувајќи и обезбедување на финансии, доколку е потребно, за такво проектирање, изградба, управување и користење, или

б) изградбата на објект, заедно со оперирање на услугите поврзани со него и обезбедувањето на финансии, доколку е потребно, за таква изградба и оперирање, или

в) проектирање и изградба на објект, вклучувајќи и обезбедување на финансии, доколку е потребно, за таквото проектирање и изградба, или

г) експлоатација на објектот што е во контрола или сопственост на јавен партнер, или
д) давање на услуги во врска со објектот и обезбедување на финансии, доколку е потребно за таквите услуги.

2. ” Договор за концесија на јавна работа” - е договор кој за предмет има извршување на работи или нивна реализација со какви било средства кои одговараат на барањата специфицирани од концедентот, каде што работите што треба да се извршат се состојат или само во правото да се експлоатира работата или во ова право заедно со плаќање. Под „работа„ се подразбира резултат на изградба и градежни работи земени како целина

кои самите по себе се доволни за исполнување на економската и на техничката функција;

3. “Договор за концесија на јавна услуга”- е договор различен од договорот за концесија на јавни работи кој за предмет има обезбедување на услуги, каде што обезбедувањето на услуги се состои или само во правото да се врши услугата или во ова право заедно со плаќањето;
4. Договор за концесија на добра од општ интерес и/или добра од јавен интерес е договор кој за предмет има доделување на право на користење на добра од општ интерес и/или добра од јавен интерес.
5. “Изградба” - вклучува градење, реновирање, одржување, поправка, подобрување и проширување;

6. “Концесија” е форма на јавно приватно партнерство и може да биде концесија на јавна работа, концесија на јавна услуга или концесија на добра од општ интерес и/или добра од јавен интерес;

7. “Јавен партнер” е:

- Република Македонија;
- општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје
- јавните претпријатија, јавните установи, трговски друштва основани од Република Македонија, општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и друштва врз кои државата или органите на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, односно ако поседуваат поголем дел од капиталот на друштвото, имаат мнозинство гласови на акционерите/содружниците и именуваат повеќе од половина од членовите на управниот или надзорниот одбор, односно органите на управување на претпријатието на друштвото и
- други правни лица кои вршат јавни овластувања во делот на вршењето на јавните овластувања;

8."Концедент" е:

- Република Македонија;
- општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје;

9. "Концесионер" - е домашно или странско правно или физичко лице со кого што се склучува договор за концесија;

10. "Овластен потписник" – е лице кое е овластено во име на јавниот партнер или концедентот да го склучи договорот за јавно приватно партнерство или договорот за концесија;

11. “Понудувач”- е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум кој поднесува понуда за да учествува во постапката за јавно приватно партнерство или концесија;

12. “Кандидат” - е домашно или странско правно или физичко лице или конзорциум кое поднесува пријава за учество во првата фаза на ограничената постапка или во постапката за конкурентен дијалог;

13. “Конзорциум“ - е група на домашни или странски правни или физички лица кои заеднички поднесуваат понуда или пријава за учество потпишано од сите или од еден овластен член на конзорциумот.

Членовите на групата на конзорциумот солидарно и неограничено одговараат за обврските од договорот за јавно приватно партнерство или договорот за концесија.

Во случај кога понуда или пријавата за учество е доставено од конзорциум, јавниот партнер им се обраќа поединечно и/или на секој член од конзорциумот преку нивен овластен член;

14. “Објект”- значи постоечки објект што е во владение или сопственост на јавниот партнер или концедентот или објект кој ќе биде обезбеден согласно договорот за јавно приватно партнерство или концесија;

15. “Комисија”- значи Комисија формирана од јавниот партнер или концедентот за да го управува, подготвува и организира јавното приватно партнерство или концесијата;

16. “Надлежност”- вклучува овластувања и должности и упатување на извршување на надлежностите и функциите и извршувањето на должностите;

17. “Институционално јавно приватно партнерство” е јавно приватно партнерство помеѓу јавен партнер и приватен партнер воспоставено со основање на заедничко правно лице, наместо со договор;

18. “Договорно јавно приватно партнерство“ е партнерство меѓу јавниот партнер и приватниот партнер воспоставено со договор;

19. “Приватен партнер”- е домашно или странско правно или физичко лице кое влегува во јавно приватно партнерство со јавен партнер;

20. “Посебен закон”- е закон со кој се уредува областа во која се доделува концесија за добра од општ интерес и/или добра од јавен интерес.

21. “Подизведувач” – е домашно или странско правно или физичко лице кое не е понудувач или кандидат, но кое има склучено договор со приватниот партнер или концесионерот за извршување на одредени работи и услуги предмет на договорот за јавно приватно партнерство или концесијата;

22.„Прифатлива понуда„ – е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничката спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

23.“Алтернативна понуда“ – е понуда со која се нудат поинакви карактеристика на предметот на договорот за јавна набавка од оние утврдени во тендерската документација;

## ГЛАВА II

## ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### Член 6

### Форми на јавно приватно партнерство

Јавното приватно партнерство и концесијата, може да се воспостават како:

-Договорно јавно приватно партнерство, или

-Институционално јавно приватно партнерство

Постапката за избор на приватниот партнер односно концесионерот и кај договорното и кај институционалното јавно приватно партнерство се врши согласно овој закон.

### Член 7

### Доделување на државна помош

При воспоставувањето на односите и реализацијата на јавно приватното партнерство и концесија, не смее да се повредат правилата за доделување на државна помош.

### Член 8

### Начела

Постапката за спроведување на јавно приватно партнерство и концесија се врши во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, пропорционалност, ефикасност, еднаквост и меѓусебно признавање.

### Член 9

### Совет за јавно приватно партнерство

Владата на Република Македонија основа Совет за јавно приватно партнерство (во натамошниот текст: Совет) кој се состои од 13 членови, од кои еден е претседател и еден заменик претседател на Советот.

Советот има советодавна улога на Владата на Република Македонија, во оваа област, врши промоција на јавно приватно партнерство, дава иницијатива со предлози за носење и измени на прописите од оваа област.

Членови на Советот се претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука,Министерството за животна средина и просторно планирање Секретаријатот за законодавство, Бирото за јавни набавки, ЗЕЛС, бизнис заедницата, како и независни експерти особено од областа на економијата и правото, имајќи ја во предвид соодветна и правична застапеност на сите граѓани во Република Македонија.

Советот донесува Деловник за својата работа.

Мандатот на членовите на Советот изнесува 4 години. За својата работа во Советот членовите може да примаат соодветен надоместок кој го пропишува Владата на Република Македонија.

Член 10

Надоместок

Плаќањето од страна на концедентот/ јавниот партнер или надоместокот за концесијата/јавно приватно партнерство што го плаќа концесионерот/приватниот партнер, се определува со одлуката за започнување на постапка за склучување на договор за јавно приватно партнерство или концесија, а во зависнот од економската исплатливост на предметот на концесијата/јавно приватно партнерство или од користењето на објектот на концесијата/јавно приватно партнерство определена врз основа на:

-времетраењето на концесијата/јавно приватно партнерство; и

-предвидените трошоци за изградба, за вршење на јавната услуга, како и приходите од користењето на објектите на концесијата/јавно приватно партнерство.

Пресметувањето и начинот на плаќање од страна на концесионерот/приватниот партнер на надоместокот од став 1 на овој член, ќе биде предвидени во јавниот повик за доставување на понуди за учество во постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство/ концесија и утврден во договорот согласно со посебниот закон и прописите донесени во согласност со тој закон.

Доколку со одлуката за јавно приватно партнерство или концесија е предвидено плаќање на надоместок од страна на приватниот партнер односно концесионерот, истиот го уплатува надоместокот на соодветни уплатни сметки во рамки на единствена трезорска сметка и истиот е приход

на Буџетот на Република Македонија, односно Буџетот на општината, односно Буџетот на Градот Скопје и општините во Градот Скопје, согласно со посебен закон.

### Член 11

### Јавно приватно партнерство и други поврзани акти

Ако за реализација на јавно приватното партнерство или концесија со посебен закон е предвидено издавање на дозволи, мислења, одобренија или други акти потребни за градба, вршење на јавна услуга или користење на добра од општ интерес за Република Македонија, иститe доколку бидат исполнети законските услови за нивно издавање во име и за сметка на приватниот партнер односно концесионерот ги обезбедува и/или го координира обезбедувањето надлежното министерство од областа за која се спроведува јавно приватно партнерство или концесија, односно органите на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

### Член 12

### Причини поради кои не се спроведува јавно приватно партнерство

Нема да се отпочне со постапка за склучување на договор за јавно приватно партнерство и концесија ако истото претставува опасност за националната безбедност и одбраната на државата заштитата на животната средина, заштита на човековото здравје.

### Член 13

### Период за кој се склучува договор за јавно приватно партнерство

Договор за јавно приватно партнерство и концесија се склучува за период до 35 години, доколку со посебен закон поинаку не е уредено.

Рокот на договорот за јавно приватно партнерство и концесија почнува да тече од датумот на склучување на договорот, доколку со договорот поинаку не е утврдено.

При определување на рокот од став 1 од овој член се земаат во предвид финансиско-економските показатели и техничко и/или технолошките специфичности на предметот на јавно приватното партнерство односно концесија.

### Член 14

### Право на сопственост

Објектите на јавно приватното партнерство и концесија, вклучувајќи ги и прирастоците и подобрувањата, се или стануваат сопственост на јавниот

партнер односно концедентот.

Член 15

Враќање на објектот на јавно приватно партнерство

Кога јавното приватно партнерство или концесија престанало, а објектот на јавно приватното партнерство или концесија бил во сопственост на приватниот партнер односно концесионерот, истиот е должен на јавниот партнер односно концедентот да му го врати, односно пренесе во сопственост објектот на јавно приватно партнерство или концесија без оглед дали истиот бил целосно или делумно изграден, реконструиран, конзервиран, опремен или подобрен од страна на приватниот партнер односно концесионерот, под услови и на начин утврдени со договорот за јавно приватно партнерство односно концесија.

## ГЛАВА III

## ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 16

Отпочнување на постапката

За отпочнување на постапка за јавно приватно партнерство и концесија, јавниот партнер односно концедентот донесува одлука за започнување на постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство или концесија.

Одлуката од став 1 на овој член ја донесува јавниот партнер односно концедентот врз основа на студија изработена на финансиска, правна и техничка анализа на оправданоста за спроведување на јавно приватно партнерство или концесија.

Кога јавен партнер, односно концедент е Република Македонија одлуката од став 1 на овој член ја донесува Владата на Република Македонија по предлог од министерот надлежен за областа во која се доделува јавно приватно партнерство или концесија.

Кога јавен партнер, односно концедент е општината, односно Градот Скопје или општините во Градот Скопје, одлуката од став 1 на овој член ја донесува Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје или на општините во Градот Скопје, по предлог на градоначалникот на општината, односно на Градот Скопје или на општините во Градот Скопје.

Министерот за економија со правилник поблиску ќе ги пропише елементите и содржината на одлуката и студијата од став 1 и 2 на овој член.

Член 17

Видови постапки

Постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство и концесија се организира и спроведува како:

- отворена постапка

- ограничена постапка,

- конкурентен дијалог

- постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и

- постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

Јавниот партнер односно концедентот спроведува постапка со преговарање со претходно објавување на оглас ако не е пристигната ниту една прифатлива понуда во отворена постапка, ограничена постапка или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација.

Јавниот партнер односно концедентот спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас:

-ако не е поднесена ниту една понуда во отворена постапка или не е поднесена ниту една пријава за учество во прва фаза на ограничена постапка под услов да не се сменети првичните услови на договорот;

-од причини од крајна итност предизвикани од настани кои јавниот партнер или концедентот не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка или постапка со преговарање со претходно објвување на оглас.

На спроведувањето на постапките од став 1 на овој член, како и на роковите, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за јавните набавки.

ГЛАВА IV

КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Член 18

Комисија за спроведување на постапката

Постапката за јавно приватно партнерство и концесија ја спроведува Комисија за спроведување на постапката за јавно приватно партнерство односно концесија (во натамошниот текст: Комисија), формирана од страна на министерот надлежен за областа за која се спроведува јавно приватно партнерство или концесија, односно од страна на градоначалникот на

општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.

Комисијата од став 1 на овој член се состои од претседател, заменик претседател и најмалку четири члена и нивни заменици. Во работата на Комисијата може да учествуваат правни, финансиски и експерти од соодветната област за која се спроведува јавно приватно партнерство или концесија.

Членови на Комисијата не можат да бидат лица кои:

-се во брачна врска, роднинска врска до второ колено или се поврзани со посвојување или старателство со понудувачот или кандидатот, со неговиот законски полномошник, а во случаите кога понудувачот или кандидат е правно лице и со членови на неговите управни, надзорни или други органи и раководни тела;

-во текот на последните три години биле вработени или биле членови на органите на управување на понудувачот или кандидатот;

-или се во друг законски или фактички однос со понудувачот или кандидатот.

Комисијата работи во полн состав и одлуките ги донесува со мнозинство гласови на членовите.

Член 19

Надлежност на Комисијата

Комисијата од член 18 на овој закон:

-ја подготвува тендерската документација;

-го објавува огласот;

-го организира приемот на пријавите и понудите;

-ја утврдува способноста на кандидатите и определува кандидати кои имаат право да го продолжат учеството во постапката;

-спроведува разговор со кандидатите кои ги исполнуваат условите да учествуваат во постапката на конкурентен дијалог;

-определува кандидати на кои им доставува покана за доставување на понуда во постапка на ограничен повик и конкурентен дијалог;

-дава појаснувања и доставува дополнителни информации и документи;

-ги разгледува и оценува понудите и врши рангирање на понудувачите со предлог за прворангираниот да биде избран;

-поднесува предлог за поништување на постапката; и

-врши други работи потребни за спроведување на постапката.

За извршените дејства во постапката Комисијата ги известува сите понудувачи и кандидати.

## ГЛАВА V
## ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 20

### Содржина на тендерската документација

Комисијата е должна да ја подготви тендерската документација во рокот определен со одлуката за започнување на постапката за склучување на договор за јавно приватно партнерство и концесија.

Комисијата може изготвувањето на тендерската документација да го довери на научна или стручна организација или на експерти од соодветната област.

Изготвувачот на тендерската документација не може да учествува како понудувач во постапката.

Комисијата може да определи дека податоците или дел од податоците содржани во тендерската документација се сметаат за службена тајна. Во таков случај учесниците во постапката се должни да поднесат изјава, приложена кон документацијата со која се обврзуваат дека нема да ги објавуваат податоците кои се сметаат за службена тајна.

Владата на Република Македонија, односно градоначалникот на општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје ја одобрува тендерската документација.

Содржината на тендерската документација ја пропишува министерот за економија.

### Член 21

### Надомест

Јавниот партнер и концедентот од понудувачите и кандидатите може да наплати надомест за издавање на тендерската документација.

Висината на надоместокот од став 1 на овој член се пресметува врз основа на реално утврдените трошоци.

### Член 22

### Изменување и дополнување на тендерската документација

Комисијата од член 18 на овој закон по претходна согласност на јавниот партнер, односно концедентот може минимум шест (6) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување од заинтересираните лица да ја измени или дополни тендерската документација.

Јавниот партнер и концедентот може соодветно на измените и дополнувањата на тендерската документација да го продолжи крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество.

Измените и дополнувањата на тендерската документација, минимум шест (6) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, јавниот партнер односно концедентот без надомест ги испраќа до понудувачите, кандидатите и заинтересираните лица кои ја подигнале тендерската документација.

Ако јавниот партнер или концедентот оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, должен е да ја поништи и/или да ја повтори постапката за јавно приватно партнерство односно концесија.

### Член 23

### Дополнителни прашања во врска со тендерската документација

Комисијата е должна да одговори на сите дополнителни прашања кои понудувачите, кандидатите и заинтересираните лица можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов прашањата да бидат поднесени четиринаесет (14) дена пред крајниот рок за поднесување на понуди или пријави за учество.

Јавниот партнер односно концедентот во најкус можен рок, во писмена форма одговара на прашањата, а одговорот без надомест го доставува до сите понудувачи, кандидати и заинтересирани лица кои подигнале тендерска документација, при што не смее да го наведе името на понудувачот, кандидатот или заинтересираното лице кој побарал појаснување.

## ГЛАВА VI

## ПОНУДИ

### Член 24

### Начин на доставување на понуди

Понудата и пријавата за учество се доставува на начин и во форма утврдена со огласот и тендерската документација.

Право да доставуваат понуди и пријави за учество имаат лицата кои подигнале тендерска документација.

Понудувачот, односно кандидатот може да поднесе само една понуда, односно пријава за учество.

## Член 25

## Алтернативна понуда

Јавниот партнер и концедентот може да им дозволи на понудувачите да поднесат алтернативни понуди кога критериумот за избор на најдобра понуда е економски најповолна понуда.

Во огласот задолжително се наведува дали е дозволено поднесување на алтернативни понуди, во спротивно алтернативните понуди нема да бидат разгледани.

Јавниот партнер односно концедентот кој дозволил поднесување на алтернативни понуди, во техничките спецификации ги дефинира минималните задолжителни услови што овие понуди мора да ги исполнат, како и сите други посебни услови во врска со нивното поднесување.

Јавниот партнер односно концедентот нема да ги разгледа алтернативните понуди кои не ги исполнуваат минималните услови од ставот 3 на овој член.

## Член 26

## Активности во времето за доставување на понуди

Пред истекот на рокот за доставување на понуди, а во секој случај пред јавното отворање на понудите, Комисијата може да организира состанок со сите понудувачи, како и посета на локацијата, предмет на јавно приватното партнерство односно концесија, заради подобро информирање на понудувачите, според правилата во тендерската документација.

## Член 27

## Гаранција за учество во постапката

Учеството во постапката за доставување на понуди секогаш ќе биде условено со давање гаранција од понудувачот во вид на депонирани средства или банкарска гаранција која ќе биде во висина до 3% од проценетата вредност утврдена во одлуката за започнување на постапка за склучување на договор за  јавно приватно партнерство и концесија.

Доколку понудувачот гаранцијата ја дава во вид на депонирани средства, истите ги уплатува на соодветна сметка во рамки на единствената трезорска сметка.

Јавниот партнер односно концедентот е должен во рок од седум (7) дена по склучување  на договорот за јавно приватно партнерство или концесија со избраниот понудувач, на другите понудувачи кои учествувале во постапката за јавно приватно партнерство или концесија да им го врати депонираниот износ, односно гаранцијата за учество во постапката.

Гаранцијата за учество во постапката на избраниот понудувач е валидна до моментот на влегување во сила односно од започнување со примена на договорот за јавно приватно партнерство или концесија.

Гаранцијата од став 1 од овој член се наплатува во корист на јавниот партнер односно концедентот ако избраниот понудувач е повикан да склучи договор за јавно приватно партнерство или концесија, а тој одбие да го стори тоа, доколку учесникот во постапката ја повлече понудата по отворањето и во други случаеви согласно тендерската документација, односно договорот за јавно приватно партнерство или концесија.

Член 28

Евалуација на понуди и кандидати

Евалуација на понудите и утврдување на способноста на кандидатите-понудувачите, ќе се врши согласно критериумите за утврдување на способност, предвидени во Законот за јавните набавки и тендерската документација.

Член 29

Критериуми за избор на најдобра понуда

Критериум врз основа на кој јавниот партнер и концедентот ќе го заснова изборот на најдобра понуда е најниската цена или економски најповолната понуда.

Економски најповолната понуда се евалуира врз основа на критериумите поврзани со изведбените и функционалните барања, кои вклучуваат квалитет, цена на работите и услугите, техничка вредност, естетски и функционални карактеристики, карактеристики во однос на животната средина, тековни трошоци, економска исплатливост во однос на трошоците, техничка помош и период на завршување на изведбените работи.

Член 30

Невообичаено ниски понуди

Доколку со понудата на некој понудувач или кандидат е предложена невообичаено ниска вредност – цена, која е пониска повеќе од 30% од средната понудена вредност - цена на останатите понуди, Комисијата нема да ја отфрли понудата, без да побара писмено објаснување за причините, односно составните елементи на понудата кои ги смета за релевантни.

Објаснувањето што се бара од понудувачот или кандидатот на невообичаено ниска вредност на понудата може да се однесува на:

(а) финансиската страна на методот на изградба или процесот на давањето на услугите што се обезбедуваат;

(б) избраните технички решенија или исклучително поволните услуги кои му се достапни на понудувачот за изведба на работата, или за извршување на услугите.

(в) оригиналноста на работата, или услугите што ги нуди понудувачот или кандидатот;

(г) согласност со прописите во однос на заштита при работа и работни услови кои се на сила во местото каде се изведува работата или даваат услугите;

(д) понудувачот или кандидатот прима или има можност да прима државна помош.

Комисијата нема да ги оценува понудите, односно истите ќе ги отфрли, во случај:

- понудувачот или кандидатот да не го доставил во определениот рок писменото објаснување;

- Комисијата процени дека дадените објаснувања не се објективни; и

- понудувачот или кандидатот не докаже во дополнително оставениот рок, дека доделената државна помош ја добил на законски начин.

## ГЛАВА VII
## ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Член 31
### Известување

Комисијата го информира секој понудувач или кандидат, за причините за отфрлување на неговата понуда односно пријава за учество вклучувајќи ја и причината поради која техничкиот предлог на понудувачот не е соодветен со техничките спецификации кои јавниот партнер односно концедент ги бара, или дека работите или услугите не ги исполнуваат изведбените или функционалните барања и доставува примерок од извештајот за евалуација и од одлуката за избор, односно поништување на постапката.

### Член 32
### Задржување информации

Јавниот партнер и концедентот не ги објавува информациите што ги добил од понудувачите или кандидатите, кои што се сметаат за доверливи и содржат технички или деловни тајни или пак материјални елементи на понудата, освен доколку има согласност од страна на понудувачот или доколку тоа е дозволено со овој или друг закон.

### Член 33
### Извештај за евалуација

Комисијата за секоја постапка за спроведување на јавно приватно партнерство односно концесија, изготвува писмен извештај за евалуација.

Извештајот за евалуацијата се потпишува од страна на претседателот и членовите на Комисијата и се доставува до јавниот партнер односно концедентот.

## ГЛАВА VIII

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР И ПОНИШТУВАЊЕ

### Член 34

### Одлука

Јавниот партнер односно концедентот, врз основа на предлогот од Комисијата и извештајот за евалуација, донесува одлука за:

-избор на прворангираниот понудувач или

-поништување на постапката.

Одлуката од став 1 на овој член се доставува до сите понудувачи или кандидати во рок не подолг од 15 дена од денот на донесувањето.

Одлуката за избор на најповолен понудувач се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

### Член 35

### Поништување на постапката

Јавниот партнер односно концедентот може да донесе Одлука за поништување на постапката за јавно приватно партнерство односно концесија, во следните случаи:

-бројот на кандидати е понизок од минималниот број на кандидати предвиден за соодветната постапка;

-не е поднесена ниту една прифатлива понуда;

-содржината на понудите не одговара на барањата содржани во огласот;

-отпадне потребата од спроведување на постапката како резултат на околности кои не биле познати, ниту можело да бидат познати во моментот на донесувањето на одлуката за отпочнување на постапката;

-се утврдат неправилности и нерегуларности при спроведувањето на постапката кои не можат да бидат отстранети без при тоа да се променат условите под кои е спроведена постапката;

-не може да се изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на овој закон и законот врз основа на којшто се спроведува постапката;

-избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот за јавно приватно партнерство односно концесија.

Одлуката за поништување на постапката се објавува во “Службен весник на Република Македонија“.

## ГЛАВА IX
## ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### Член 36

Склучување на договор за јавно приватно партнерство

Договорот за јавно приватно партнерство односно концесија го склучуваат јавниот партнер односно концедентот и избраниот понудувач.
Владата на Република Македонија може да овласти министер да склучи договор за јавно приватно партнерство или договор за концесија во име на Владата на Република Македонија.
Советот на Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје може да овласти Градоначалник да склучи договор за јавно приватно партнерство или договор за концесија.

Ако избраниот понудувач се откаже од склучување или извршување на договорот, јавниот партнер односно концедентот може да склучи договор со втророрангираниот понудувач.

Министерот за економија ќе ги пропише елементите и содржината на договорот за јавно приватно партнерство и концесија.

### Член 37

Измени и дополнувања на договорот за концесија/јавно приватно партнерство

Договорот за концесија/јавно приватно партнерство може да се измени или дополни со склучување на анекс договор.
Анекс договорот го склучува органот кој го претставува концедентот/јавниот партнер во договорот за концесија/јавно приватно партнерство.
Анекс договорот може да биде склучен по иницијатива на концесионерот/приватниот партнер во случаи на:
-пропаѓање на објектот на концесија/јавно приватно партнерство во случај на настанување на виша сила или политички настан или при објективна невозможност за негово користење,
-настанување на случаи изрично утврдени во одлуката за спроведување на постапката за доделување на концесија/јавно приватно партнерство кои водат кон промена на фактичката или правната основа за користење на објектот на концесијата/јавно приватно партнерство или на извршување на концесиската дејност,
-настанување на случаи што биле вон разумна контрола на концендентот/јавниот партнер и/или на концесионерот/приватниот партнер и чие случување не можело разумно да се предвиди при склучување на

Договорот за концесија/јавно приватно партнерство, како што се нарушувања на финансискиот пазар, пазарот на капитал, финансиска криза и/или рецесија,

-при промена на соодветните прописи и

-други случаи определени со посебни закони.

Кога во текот на извршувањето на договорот за концесија/јавно приватно партнерство настанат статусни промени кај концесионерот/приватниот партнер, истиот е должен во рок од 15 дена од денот на настанатите промени да го извести за тоа концедентот/јавниот партнер, по што страните на договорот склучуваат анекс договор во кој се внесуваат податоците од настанатата статусна промена.

Член 38

Планирање на средства

Вкупниот износ на средства до кои јавниот партнер и концедентот може да превземе финансиски обврски во дадената година поврзани со договорите за јавно приватно партнерство или концесија треба да биде утврдена со буџетот на јавниот партнер односно концедентот.

Јавниот партнер и концедентот при донесување на буџетот задолжително треба да ги земе во предвид:

-трошоците потребни за покривање на обврските кои произлегуваат од договорите за јавно приватно партнерство или концесија;

-ефектите на наградувањето, времена суспензија (прекин) или ограничување  на потфатот, кои може да произлезат од договорите за јавно приватно партнество или концесија; и

-трошоците  за компензација (надоместување) на приватните партнери и концесионери, кои можат да произлезат од договорите за јавно приватно партнерство или концесија.

Член 39

Барање за одобрување на средства

Доколку врз основа на студијата се утврди дека за реализација на јавно приватно партнерство се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија, јавниот партнер од член 5 став 1 точка 4 е должен да достави барање за согласност за обезбедени средства од Министерството за финансии.

Член 40

Примена на Законот за облигационите односи

Се што не уредено со одредбите од овој закон на договорите за јавно приватно партнерство и концесија се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

## ГЛАВА X
## НАДЗОР

### Член 41
### Надзор

Јавниот партнер и концедентот врши постојан и редовен надзор на начинот на спроведувањето на јавно приватно партнерство или концесија и реализацијата на доделениот договор за јавно приватно партнерство или концесија, како и на почитувањето на обврските од страна на приватниот партнер односно концесионерот согласно со закон и предметниот договор.

## ГЛАВА XI
## ПРАВНА ЗАШТИТА

### Член 42
### Право на жалба

Секој понудувач, кандидат или заинтересирано лице кое има правен интерес за склучување на договор за јавно приватно партнерство и концесија или кој претрпел или би можел да претрпи штета со прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата во преземање дејствија од страна на јавниот партнер односно концедентот во постапката за јавно приватно партнерство или концесија.

Надлежна за решавање по жалби во постапките за јавно приватно партнерство или концесија е Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземените дејствија, како и на одлуките како поединечни правни акти донесени во постапките од ставот 1 на овој член, како и за други работи согласно со овој закон и Законот за јавните набавки.

Правната заштита во постапките за јавно приватно партнерство и концесија се спроведува согласно одредбите од Законот за јавните набавки.

Против одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки може да се поведе управен спор.

### Член 43
### Увид во документите

Странките кои поднеле жалба или имаат намера да поднесат жалба имаат право на увид и копија од документите, освен на оние документи кои

содржат информации за кои јавниот партнер односно концедентот е законски обврзан да не ги дава на увид.

Член 44

Ништовност

Одлука за избор се смета за ништовна доколку:

а) е донесена спротивно на одредбите од членот 17 на овој закон;

б) за предмет или за дејство има спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата.

## ГЛАВА XII
## ИЗВЕШТАЈ И РЕГИСТАР НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ

Член 45

Извештај

За секоја започната, но не завршена постапка за јавно приватно партнерство и концесија, за секој склучен договор за јавно приватно партнерство и концесија, Комисијата изготвува писмен извештај.

Извештајот од став 1 на овој член се доставува до органот надлежен за спроведување на предметниот договор.

Формата и содржината на извештајот од став 1 на овој член ја пропишува министерот за економија.

Член 46

Регистар на доделените договори

За доделените договори за јавно приватно партнерство и концесија се води регистар.

Регистарот од став 1 на овој член го води Министерството за економија.

Податоците за доделените договори се доставуваат во рок од три дена од денот на склучување на договорот, на соодветен образец до Министерството за економија.

Регистарот се објавува на веб страната на Министерството за економија.

Формата и содржината на регистарот и образецот од став 1 и 3 од овој член ги пропишува министерот за економија.

Член 47

Известување за измени на договорот

Јавниот партнер и концедентот е должен во рок од три дена од денот на настанатите измени на основниот договор, на образецот од член 46 од овој закон, до Министерството за економија да ги пријави сите промени во врска со предметниот договор.

Член 48

Извештај за наплата на надоместок

Органот кој е надлежен за спроведување на постапката за јавно приватно партнерство и концесија е одговорен за наплатата на надоместокот за јавно приватно партнерство или концесија и е должен еднаш месечно до Министерството за финансии да доставува извештаи за редовноста на плаќањето.

## ГЛАВА XIII

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Примена на одредби

На постапките за јавно приватно партнерство и концесија отпочнати пред влегувањето во сила на овој закон, како и на договорите за јавно приватно партнерство и концесија склучени пред влегување во сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија„ бр.7/2008,139/2008 и 64/2009) и законите кои според тој закон претставуваат концесиски акти.

Член 50

Прописи за извршување на законот

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 51

Престанок на примена

Со влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија„ бр.7/2008, 139/2008 и 64/2009), како и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон.

Член 52

Влегување во сила

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

I. СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Законот чие што донесување се предлага претставуваат продолжување на идејата за изготвување на законска легислатива која ќе го постигне задоволителното ниво на усогласеност со европското законодавство во областа на концесиите и јавно приватно партнерство, во кој соодветно е имплементирана директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година.

Со Предлог законот за јавно приватно партнерство се создава правна рамка која овозможува влез на приватниот капитал во изградбата на инфраструктурни објекти и во обезбедување на квалитетни јавни услуги. Предложениот закон ќе обезбеди мобилизација на приватниот капитал во димензионирањето на економскиот развој на Македонија.
Содржината на Законот е систематизирана во 13 делови (глави) со вкупно 52 членови.

Во ГЛАВА 1-се дадени Општите одредби (од членот 1 до членот 5)

1.Во општите одредби на законот опишан е предметот и целта на регулирање на овој закон кој ги вклучува и концесиите. Значајно да се напомене е дека постапката за спроведување на јавно приватно партнерство и концесиите и правните лекови мора да се во согласност со Законот за јавни набавки и овој закон, а додека на постапките за склучување на договор за концесија кои за предмет имаат добра од општ интерес се применува овој закон и посебните закони..Ова од причина што е неопходно да се обезбеди унифицирана постапка за спроведување на јавно приватно партнерство и концесија. Оваа глава ги регулира и условите под кои може да се изврши пренос на јавно приватно партнерство и концесија, како и дефинициите на одделни изрази кои се употребуваат во законот.
Глава 2 – Јавно приватно партнерство (од член 6 до член 15) содржи одредби за форми на јавно приватно партнерство и тоа:договорно и институционално јавно приватно партнерство, како и одредби за државна помош.Во оваа глава таксативно се наведени и начелата согласно кои се спроведува постапката, како и составот, надлежностите и мандатот на Советот за јавно приватно партнерство.Оваа глава покрај останатото го регулира и перидот за кој се склучува договорот за јавно приватно партнерство кој изнесува 35 години, доколку со посебниот закон поинаку не е уредено, како и обврската на приватниот партнер по престанување на јавното приватно партнерство и концесија да го врати предметот на јавно приватно партнерство на јавниот партнер и да го пренесе во негова сопственост.
Глава 3- Постапки за јавно приватно партнерство (од член 16 до член 17) го регулира прашањето за видовите на постапки за јавно приватно

партнерство и начинот на нивно спроведување.Имено постапката отпочнува со донесување на одлука за отпочнување на постапка која ја донесува јавниот партнер односно концедентот врз основа на студијата заснована на финансиска,правна и техничка анализа на оправданоста за спроведување на јавно приватно партнерство, чија содржина ќе ја пропише министерот за економија со правилник. Постапката може да се спроведе како отворена постапка, ограничената постапка, со конкурентен дијалог,постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и постапка со преговарање без претходно објавување на оглас на начин утврден во Законот за јавни набавки.

Глава 4-Комисија за спроведување на постапката (од член 18 до член 19) Во оваа глава се пропишува начинот на формирање на Комисијата која ќе ја спроведе постапката за јавно приватно партнерство и концесија, нејзиниот состав и надлежности.

Глава 5-Тендерска документација (од член 20 до член 23) содржи одредби за содржината на тендерската документација која е должна да ја подготви Комисијата за спроведување на постапката , изменување и дополнување на истата, начин и рок за подигнување и надомест за тендерската документација и дополнителните прашања во врска со истата поставени од приватниот партнер, на кои е должен да одговори јавниот партнер односно концедентот.

Глава 6-Понуди (од член 24 до член 30) Оваа глава го регулира прашањето за начинот на доставување на понудите и пријавите за учество, активностите кои може да ги преземе понудувачот и Комисијата за спроведување на постапката во времето за доставување на понудите, висината на гаранцијата за учество во постапката која може да биде најмногу до 3% од проценетата вредност на јавното приватно партнерство или концесија и прашањето за невообичаено ниски понуди. Новина во законот е можноста по исклучок јавниот партнер да им дозволи на понудувачите да доставуваат алтернативни понуди кога критериумот за избор на најдобра понуда е економски најповолна понудана како и евалуацијата на понудите и кандидатите која ќе се врши согласно Законот за јавните набавки.

Во Глава 7 -Известување (од член 31 до член 33) е пропишана обврската на Комисијата за спроведување на постапката да ги известува понудувачите или кандидатите за причините поради кои се отфрла некоја понуда, обврaската за задржување на информации и изготвување на Извештај за евалуација од страна на Комисијата за спроведување на постапката.

Глава 8 – Одлука за избор и поништување (од член 34 до 35) Во оваа глава се пропишува начинот на донесување на одлуката за избор и поништување од страна на јавниот партнер односно концедентот,во која таксативно се набројуваат случаевите кога јавниот партнер или концедентот може да донесе Одлука за поништување на постапката за јавно приватно партнерство или концесија.

Глава 9 – Договор за јавно приватно партнерство (од член 36 до 40) Оваа глава го регулира начинот на склучување на договорот за јавно приватно

партнерство помеѓу јавниот и приватниот партнер, кој може да го склучи договорот и можноста договорот да се склучи со второрангираниот кандидат, ако избраниот понудувач се откаже од склучување или извршување на договорот, како и случаевите на изменување и дополнување на договорот. Содржина и елементите на договорот ги пропишува министерот за економија.Оваа глава исто така содржи одредба со која се утврдува обврска за јавниот партнер од планирање на вкупниот износ на финансиски обврски кои истиот може да ги превземе во тековната година на тој начин што ќе ги прдвиди во својот буџет како и случаевите кога јавниот партнер поднесува барање за одобрување на средства од Буџетот на РМ. За се што не е регулирано со одредбите од овој закон, на договорите за јавно приватно партнерство и концесии ќе се применува Законот за облигациони односи.

Глава 10 – Надзор (член 41) се однесува на обврската јавниот партнер односно концедентот согласно законот да врши постојан и редовен надзор на начинот на спроведувањето на јавно приватно партнерство или концесија, како и над реализацијата на доделените договори.

Глава 11-Правна заштита (од член 42 до 44) Согласно одредбите во оваа глава правната заштита се обезбедува преку правото на жалба против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземените дејствија од страна на јавниот партнер и концедентот.Надлежна за постапување по жалбите е Државната комисија за жалби по јавни набавки, која одлучува во постапка согласно одредбите од Законот за јавни набавки.Овој дел содржи и одредби за правото на увид во документите и случаевите кога се смета ништована одлуката за избор.

Глава 12- Извештај и регистар на доделени договори (од член 45 до член 48) Со оваа глава се пропишува обврска на Комисијата да изготвува писмен извештај за секоја започната, но не завршена постапка за јавно приватно партнерство или концесија и за секој склучен договор, чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија.Во оваа глава се сместени и одредбите за Регистарот на доделените договори кој ќе го води Министерството за економија, и обврската до него да се доставуваат податоците за доделените договори и измените кои ќе настанат кај нив, а Министерството за финансии врши контрола на наплатата на надоместокот.

Глава 13 – Преодни и завршни одредби ( од член 49 до 52) се однесува на примената на законите, рокот за носење на подзаконските акти (3 месеци) и одредби за влегување во сила на законот. Согласно одредбите за примена, на започнатите постапки за јавно приватно партнерство и концесија и на договорите склучени пред влегување во сила на предложениот закон ќе се применува Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство и законите кои според тој закон претставуваат концесиски акт.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби во законот се меѓусебно поврзани во одделни взаемни решенија во самиот Закон. Во одделни решенија од Законот се користат упатувачки одредби за примена на други закони, пред се Законот за јавни набавки, посебните закони кои ја регулираат соодветната област и Законот за облигационите односи.
Со Законот кој што е во сила, се регулирани врските со овие закони, со исклучок на Законот за јавни набавки на чија примена упатува предложениот закон.
Примена на одредбите од Законот за јавни набавки се во делот на видовите, роковите начинот на спроведување на постапката за јавно приватно партнерство и концесијата, евалуација на понудите и кандидатите,правото на жалба и надлежноста на Државната Комисија за жалби по јавни набавки во постапка утврдена со истиот да постапува по жалбите против одлуките за јавно приватно партнерство и концесии донесени во прв степен.
Од Законот произлегува донесување подзаконски акти со кои ќе се пропишат: елементите и содржината на студијата, содржината на тендерската документација, елементите и содржината на договорите за јавно приватно партнерство,формата и содржината на Регистарот и Образецот на доделените договори.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Законот чие што донесување се предлага се постигнува задоволителното ниво на усогласеност со европското законодавство во областа на концесиите и јавно приватно партнерство, кое придонесува посигурен влез на приватниот капитал во изградба на инфраструктурните објекти и во обезбедување на квалитетни јавни услуги.
Предложениот закон ќе обезбеди мобилизација на приватниот капитал во димензионирањето на економскиот развој на Република Македонија.